Australian Government
Australian Institute of Health and Welfare

Australia's Disability Strategy 2021–2031

Creating an inclusive community together

# Австралиска стратегија за попреченост

## 2021–2031

## Рамковни резултати

Кус преглед на првиот годишен извештај

# Кус преглед

Рамковните резултати се клучна иницијатива во склоп на **Австралиска стратегија за попреченост 2021–2031** (Стратегијата) за мерење, следење и известување во поглед на постигнатите резултати за луѓето со попреченост во текот на целото времетраење на Стратегијата. Поднесувањето годишни извештаи врз основа на мерењата од Рамковните резултати ќе покаже каков напредок се постигнува во однос на постигнатите резултати за луѓето со попреченост.



Стратегијата покрива **резултати во 7 области**. Тоа се оние области за коишто луѓето со попреченост рекоа дека треба да се подобрат за да се постигне замислата на Стратегијата за австралиско општество што ги вклучува сите – такво што ќе осигури дека луѓето со попреченост можат да ги остварат своите потенцијали како рамноправни членови на заедницата.

## Области

- Вработување и финансиска сигурност
- Домови и заедници што ги вклучуваат сите
- Безбедност, права и правда
- Лична поддршка и поддршка во заедницата
- Образование и учење
- Здравје и добросостојба
- Односот на заедницата

Рамковните резултати опфаќаат 85 мерења во споменатите 7 области на Стратегијата и **3 видови на мерења.**

**Мерења на системот**

со нив се следи придонесот што го даваат клучните делови на системот за постигнувањето на резултатите, како што се здравствената грижа, домувањето, образованието и вработувањето.

**Мерења на населението**

со нив се следат промените на постигнатите резултатите за луѓето со попреченост низ текот на времето.

**Мерења на односот на заедницата**

со нив се следи промената на односот кон луѓето со попреченост и како луѓето со попреченост го доживуваат односот на заедницата.

Целта на овој првичен годишен извештај е да даде краток преглед на состојбата на мерењата на Рамковните резултати во почетниот период, односно во времето најблиску до моментот кога отпочна спроведувањето на Стратегијата во декември 2021 година. Почетните податоци се податоците со коишто ќе се споредуваат ажурираните годишни и тримесечни податоци (кога е тоа можно) за секое од мерењата во текот на времетраењето на Стратегијата.

Овој извештај исто така вклучува и анализа на временските низи (кога податоците го дозволуваат тоа) за периодот до и заклучно со почетниот период за којшто се прибрани податоци. Така се создава контекст за известување за почетната вредност и за ажурираните резултати.

## Како им е на луѓето со попреченост во почетниот период?

За овој првичен годишен извештај, постојат почетни податоци за 47 почнати мерења, при што за 45 од овие исто така постојат и историски податоци. Бројот на временски интервали дадени за овие историски податоци се движи од 2 до 10 временски интервали.

## Главни наоди

### Поволни развојни насоки пред почетниот период:

**Просечното време на чекање за државно домување** за новопримените семејства што имаат член со попреченост било **413 дена** во 2020-21 година, што претставува **намалување** во однос на 2011-12 година кога се чекало во просек **580 дена**.

мерење на системот

Повеќе од **7 од 10** (72%) од **поплаките поради дискриминирање на онеспособени лица** што поминале низ постапка за измирување пред Australian Human Rights Commission (Австралиска комисија за човекови права) биле **успешно решени** во 2020-21 година, во споредба со само малку повеќе од **6 од 10** поплаки (62%) во 2011–12 година.

мерење на системот

Во 2018 година повеќе од **2 од 5** (45%) луѓе со попреченост на возраст од 20 до 64 години **завршиле 12-то одделение** (или друго истоветно образование), во споредба со помалку од **2 од 5** (37%) во 2012 година.

мерење на населението

### Неповолни развојни насоки пред почетниот период:

**Нема реална промена** во разликата во **стапката на невработеност** меѓу луѓето со попреченост и луѓето без попреченост меѓу 2012 и 2018 година (4,0 процентни поени за првите и 4,7 процентни поени за вторите, кај луѓето на возраст од  или над 15 години).

мерење на населението

Одвај малку повеќе од 4 од 5 (82%) корисници на специјализирани услуги за бездомни лица со попреченост што се **соочувале со домашно и семејно насилство** добиле **помош при сместувањето** кога тоа им било потребно во 2020–21 година, во споредба со 87% во 2013–14 година.

мерење на системот

Околу **1 од 7** (14%) луѓе со попреченост на возраст од или над 5 години имале **тешкотии да стигнат до медицинските установи** во 2018 година, во споредба со 11% во 2015 година.

мерење на населението

## Имало ли разлики меѓу различните групи?

Резултатите во почетниот период се разликувале во зависност од возраста, полот и сериозноста на попреченоста.

Во 2018 година кај луѓето со **сериозна или тешка попреченост** на возраст од или над 5 години постоела **помала веројатност** да учествуваат во **општествените активности и во активностите на заедницата** (90%) во споредба со луѓето со други видови на попреченост (97%).

мерење на населението

Во 2020–21 година поголем процент **мажи отколку жени** со попреченост кои барале работа на возраст од или над 15 години (со помош на службата job active) **добиле работа во период** од 12 месеци и успеале да ја задржат најмалку 26 недели (8,3% мажи и 6,5% жени).

мерење на системот

Во 2021 година поголем процент **жени отколку мажи** со попреченост на возраст од или над 15 години кои завршиле стручно средно образование и обука биле **вработени по завршувањето на обуката** (53% жени и 50% мажи).

мерење на системот

Во 2018 година речиси 1 од 2 (49%) луѓе со попреченост на возраст од 18 до 24 години **доживувале многу тешки психолошки проблеми**, во споредба со 2 од 5 (40%) на возраст од 45 до 64 години, и помалку од 1 од 5 (19%) на возраст од или над 65 години.

мерење на населението

## Како се одвиваат работите 6 месеци по воведувањето на Стратегијата?

Од вкупно 47 почнати мерења од коишто се добиени податоци, за 11 мерења податоците се ажурирани во однос на почетниот период. Резултатите за ажурираните податоци се непотполни затоа што ги опфаќаат само првите 6 месеци од Стратегијата, а не цела година. Многу од промените се мали, а тоа треба да се земе предвид кога се разгледуваат резултатите. Ажурираните мерења се претежно добиени од податоците прибрани од страна на National Disability Insurance Scheme - NDIS, (Национална програма за осигурување при попреченост) затоа што тие извршиле најнови ажурирања на податоците.

Само малку повеќе од **1 од 5** (21%) **работоспособни учесници во Националната програма за осигурување при попреченост** на возраст од 15 до 64 години биле **вработени на работни места што не се предвидени специјално за онеспособени лица и примале полна плата** во четвртото тримесечје (квартал 4) од 2021–22 година, во споредба со 20% во второто тримесечје (квартал 2) од 2021–22 година.

мерење на населението

Само малку помалку од **2 од 3** (65,1%) **учесници во Националната програма за осигурување при попреченост** на возраст од 15 до 64 години известиле дека **слободното време го минуваат занимавајќи се со активности што ги интересираат** во четвртото тримесечје (квартал 4) од 2021– 22 година, во споредба со 65,5% во второто тримесечје (квартал 2) од 2021– 22 година.

мерење на системот

Само малку повеќе од **3 од 4** (76%) **учесници во Националната програма за осигурување при попреченост** на возраст од 15–64 години известиле дека **Националната програма за осигурување при попреченост им помогнала да имаат повеќе избор и контрола врз својот живот** по двегодишно учество во Програмата во четвртото тримесечје (квартал 4) од 2021–22 година, во споредба со 75% во второто тримесечје (квартал 2) од 2021–22 година.

мерење на системот

## Натамошни планови

Следниот годишен извештај со ажурирани податоци ќе биде поднесен кон крајот на 2023 година. Ажурираните податоци исто така ќе се објавуваат на секои три месеци на страниците на Интернет на **Australia's Disability Strategy Outcomes Framework (Рамковни резултати од Австралиската стратегија за попреченост)**, при што првото објавување е предвидено да се случи во март 2023 година.

Луѓето со попреченост јасно и гласно кажаа дека не сакаат извештаите од Стратегијата да бидат ограничени на податоците што биле расположиви при воведувањето на Стратегијата. Поради таа причина, идните мерења на Рамковните резултати се обмислени така што ќе се развиваат во текот на времетраењето на Стратегијата. За повеќе поединости околу пристапот на владата кон развивањето на овие мерења, вклучувајќи ги и договорените планови за известување за идните мерења, погледнете го **Планот за подобрување на податоците** на Стратегијата.